ОПШТИНА БИТОЛА

# ПОКАНА ЗА ЈАВНА РАСПРАВА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА „ПЛАН ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХ ЗА БИТОЛА“

Почитувани,

Центарот за климатски промени во рамките на проектот „Развивање и имплементација на здравствен индекс за аерозагадувањето во прекуграничниот регион“, кој беше финансиран преку ИПА Програмата за прекугранична соработка ГР – МК, изработи План за квалитет на амбиентен воздух за општина Битола.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл.Весник на РСМ бр.151 од 2021 година), член 4, став 11, во подготвувањето на Планот за квалитет на воздухот, градоначалникот на општината е должен да обезбеди учество на јавноста согласно со Законот за животната средина (Член 69), односно пред усвојување на планот да организира јавна расправа за засегнатите страни и да го презентира планот.

Имајќи ги предвид реализираните активности и законската регулатива, Општина Битола, Ве поканува на јавна расправа и презентација на петгодишниот стратешки документ: „План за квалитетот на  воздух за Битола која ќе се одржи на 13.09.2022 во 10:00 часот, во салата на Советот на општина Битола.

Во прилог на поканата, Ви доставуваме агенда за настанот.

За сите дополнителни информации, Ве молиме, контактирајте не.

Лице за контакт:

Александра Ангеловска, Соработник за животна средина, email: angelovskas@yahoo.com , телефон: 075400732

Ве очекуваме.

Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

# ЈАВНА РАСПРАВА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА
# НА
# „ПЛАН ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХ ЗА БИТОЛА"

## Дневен ред

Вторник, 13.09.2022, 10:00 часот

Општина Битола, Сала на Советот на општината

| Време | Презентација | Говорник |
|---|---|---|
| **10:00** | Воведно обраќање | Г-дин Тони Коњановски, Градоначалник на Општина Битола |
| **10:15** | Презентација на Планот за квалитет на воздух за Битола | Г-ѓа Магдалена Трајковска – Трпевска, Технолаб |
| **11:00** | Дискусија | Сите учесници |